**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ЧЕТИРИЕСЕТ И ОСМАТА**
**седница на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 28.01.2021 година**

**СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2021 ГОДИНА**

## З А П И С Н И К

**Од Четириесет и осмата седница
на Советот на Општина Гази Баба,
одржана на 28.01.2021 година**

Седницата започна во **13:40 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Четириесет и седмата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

**Забелешка:**

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Истакна дека советничката група на коалицијата "За подобра Македонија" нема да гласаат за усвојување на Нацрт-Записникот од минатата седница поради кршење на одредбите од Деловникот за работа на Советот на Општина Гази Баба и воспоставените процедури, се со цел да не се озакони тоа што се случуваше на минатата седница.

Советот го усвои Записникот од **Четириесет и седмата** седница на Советот на Општина Гази Баба, **со забелешка** со **14 гласа "ЗА" и 11 гласа "ПРОТИВ"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

Предлози за **дополнување** на предложениот дневен ред:

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Предложи дополнување на предложениот дневен ред со 2 (две) точки:

11. Иницијатива за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на Статутот на Општина Гази Баба; и

12. Иницијатива за отпочнување на постапка за изменување и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Гази Баба.

Градоначалникот на Општина Гази Баба ги образложи двата предлога за дополнување на предложениот дневен ред.

Во расправата по предлозите за дополнување на предложениот дневен ред учествуваа членовите на советот: Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија") и Благе Данев (коалиција "За подобра Македонија") и Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката 11 беше ставен на гласање и **не беше усвоен** со **13 гласа "ЗА" и 13 гласа "ПРОТИВ"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката 12 беше ставен на гласање и **не беше усвоен** со **13 гласа "ЗА" и 13 гласа "ПРОТИВ"**.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред:

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Предложи **точка 3**.Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С 21, Блок 04, Општина Гази Баба - Скопје и **точка 10**.Предлог - Одлука за прифаќање на воспоставена меѓуопштинска соработка помеѓу Градот Скопје и општините во градот Скопје за заловување на кучиња на подрачјето на Град Скопје, **да се симнат** од предложениот дневен ред.

Членот на советот ги образложи двата предлога за изменување на предложениот дневен ред и врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба побара поименично гласање по однос на двата предлога.

Во расправата по предлозите за изменување на предложениот дневен ред учествуваа Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: м-р Живко Белчев (коалиција "За подобра Македонија"), Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ), м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), Благој Атанасов (коалиција "За подобра Македонија"), Зоран Стојанов (коалиција предводена од СДСМ) и д-р Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија").

Претседателот на Советот врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, **првиот** предлог на советникот д-р Сашо Кутлешовски **за симнување на точка 3** од предложениот дневен ред, го стави на поименично гласање со прозивка од службеник од општинската администрација.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ТОНИ БОЈКОВСКИ | √ | | |
| 2. | ДИЈАНА ИЛИЕВСКА | √ | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | *ИВИЦА ПЕТРОВСКИ | | | |
| 4. | ВАЛЕНТИНА ПЕТРОВСКА | √ | | |
| 5. | РИСТО ДОНЕВ | √ | | |
| 6. | БЛАГЕ ДАНЕВ | √ | | |
| 7. | АНДРЕА НАЈДЕНОВСКИ | √ | | |
| 8. | ЗЛАТА ТАШЕВСКА | √ | | |
| 9 | МИЛКА ВИДОВСКА | | √ | |
| 10. | д-р САШО КУТЛЕШОВСКИ | √ | | |
| 11. | ЕЛИЗАБЕТА СТОЈМЕНОВА | √ | | |
| 12. | АЛЕКСАНДАР ТРАЈКОВСКИ | √ | | |
| 13. | м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | √ | | |
| 14. | БЛАГОЈ АТАНАСОВ | | √ | |
| 15. | РАСИМ АЛИ | | √ | |
| 16. | МИЛИЦА БУБАЛО | | √ | |
| 17. | ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ | | √ | |
| 18. | САШКО ЦВЕТКОВСКИ | | √ | |
| 19. | МАРТИНА НАУМОВСКА | | √ | |
| 20. | БЕРАТ ВЕСЕЛ | | √ | |
| 21. | ЗОРАН СТОЈАНОВ | | √ | |
| 22. | СЛАЃАНА СИМЕОНОВА - ВАСИЛКОВСКА | | √ | |
| 23. | ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ | | √ | |
| 24. | ДЕЈАН ДИМИТРОВСКИ | | | √ |
| 25. | СОФИЈА СЕТИНОВА | | √ | |
| 26. | м-р МАРТИН РИСТОВ | | √ | |
| 27. | ЗОРАН ЃОРЃЕВИЌ | | √ | |

*** Не бил присутен во тек на гласање**

Советот **не го усвои** предлогот со **11 гласа "ЗА", 14 гласа "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

Претседателот на Советот врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, **вториот** предлог на советникот д-р Сашо Кутлешовски **за симнување на точка 10** од предложениот дневен ред, го стави на поименично гласање со прозивка од службеник од општинската администрација.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ТОНИ БОЈКОВСКИ | √ | | |
| 2. | ДИЈАНА ИЛИЕВСКА | √ | | |
| 3. | *ИВИЦА ПЕТРОВСКИ | | | |
| 4. | ВАЛЕНТИНА ПЕТРОВСКА | √ | | |
| 5. | РИСТО ДОНЕВ | √ | | |
| 6. | БЛАГЕ ДАНЕВ | √ | | |
| 7. | АНДРЕА НАЈДЕНОВСКИ | √ | | |
| 8. | ЗЛАТА ТАШЕВСКА | √ | | |
| 9 | МИЛКА ВИДОВСКА | √ | | |
| 10. | д-р САШО КУТЛЕШОВСКИ | √ | | |
| 11. | ЕЛИЗАБЕТА СТОЈМЕНОВА | √ | | |
| 12. | АЛЕКСАНДАР ТРАЈКОВСКИ | √ | | |
| 13. | м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | √ | | |
| 14. | БЛАГОЈ АТАНАСОВ | | | √ |
| 15. | РАСИМ АЛИ | | √ | |
| 16. | МИЛИЦА БУБАЛО | | √ | |
| 17. | ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ | | √ | |
| 18. | САШКО ЦВЕТКОВСКИ | | √ | |
| 19. | МАРТИНА НАУМОВСКА | | √ | |
| 20. | БЕРАТ ВЕСЕЛ | | √ | |
| 21. | ЗОРАН СТОЈАНОВ | | √ | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 22. | СЛАЃАНА СИМЕОНОВА - ВАСИЛКОВСКА | | √ | |
| 23. | ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ | | √ | |
| 24. | ДЕЈАН ДИМИТРОВСКИ | | | √ |
| 25. | СОФИЈА СЕТИНОВА | | √ | |
| 26. | м-р МАРТИН РИСТОВ | | √ | |
| 27. | ЗОРАН ЃОРЃЕВИЌ | | √ | |

*** Не бил присутен во тек на гласање**

Советот **не го усвои** предлогот со **12 гласа "ЗА", 13 гласа "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

За работата на седницата со **26 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2021 година;
2. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2021 година;
3. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С 21, Блок 04, Општина Гази Баба - Скопје;
4. Предлог - Одлука за формирање на партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Гази Баба;
5. Предлог - Деловник за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Гази Баба;
6. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2;
7. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2020 година;
8. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година;
9. Предлог - Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2021 година; и
10. Предлог - Одлука за прифаќање на воспоставена меѓуопштинска соработка помеѓу Градот Скопје и општините во градот Скопје за заловување на кучиња на подрачјето на Град Скопје.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2021 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 28.01.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше претставникот од општинската администрација - Васко Апостоловски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2021 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2021 година.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **Дијана Илиевска,** поднесе извештај од седницата одржана на 28.01.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2021 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С 21, Блок 04, Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски,** поднесе извештај од седницата одржана на 28.01.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Претседателот на Советот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Благе Данев (коалиција "За подобра Македонија") и Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С 21, Блок 04, Општина Гази Баба - Скопје, со **15 гласа "ЗА" и 11 гласа "ПРОТИВ"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за формирање на партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања - **Тони Бојковски,** поднесе извештај од седницата одржана на 28.01.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија"), Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ), м-р Живко Белчев (коалиција "За подобра Македонија"), Зоран Стојанов (коалиција предводена од СДСМ), д-р Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија") и претставниците од општинската администрација - Благица Блажевска и Васко Апостоловски.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба побара поименично гласање по однос на оваа точка.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и на барање на членот на Советот - д-р Сашо Кутлешовски, а врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, истата ја стави на поименично гласање со прозивка од службеник од општинската администрација.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ТОНИ БОЈКОВСКИ | | √ | |
| 2. | ДИЈАНА ИЛИЕВСКА | | √ | |
| 3. | *ИВИЦА ПЕТРОВСКИ | | | |
| 4. | ВАЛЕНТИНА ПЕТРОВСКА | | √ | |
| 5. | РИСТО ДОНЕВ | | √ | |
| 6. | БЛАГЕ ДАНЕВ | | √ | |
| 7. | АНДРЕА НАЈДЕНОВСКИ | | √ | |
| 8. | ЗЛАТА ТАШЕВСКА | | √ | |
| 9 | МИЛКА ВИДОВСКА | √ | | |
| 10. | д-р САШО КУТЛЕШОВСКИ | | √ | |
| 11. | ЕЛИЗАБЕТА СТОЈМЕНОВА | | √ | |
| 12. | АЛЕКСАНДАР ТРАЈКОВСКИ | | √ | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13. | м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | | √ | |
| 14. | БЛАГОЈ АТАНАСОВ | √ | | |
| 15. | РАСИМ АЛИ | √ | | |
| 16. | МИЛИЦА БУБАЛО | √ | | |
| 17. | ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ | √ | | |
| 18. | САШКО ЦВЕТКОВСКИ | √ | | |
| 19. | МАРТИНА НАУМОВСКА | √ | | |
| 20. | БЕРАТ ВЕСЕЛ | √ | | |
| 21. | ЗОРАН СТОЈАНОВ | √ | | |
| 22. | СЛАЃАНА СИМЕОНОВА - ВАСИЛКОВСКА | √ | | |
| 23. | ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ | √ | | |
| 24. | ДЕЈАН ДИМИТРОВСКИ | | | √ |
| 25. | СОФИЈА СЕТИНОВА | √ | | |
| 26. | м-р МАРТИН РИСТОВ | √ | | |
| 27. | ЗОРАН ЃОРЃЕВИЌ | √ | | |

*** Не бил присутен во тек на гласање**

Советот ја донесе Одлуката за формирање на партиципативно тело од областа на урбанизмот на Општина Гази Баба, со **14 гласа "ЗА", 11 гласа "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Деловник за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на статутарно - правната комисија - **Александар Трајковски,** поднесе извештај од седницата одржана на 28.01.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и на барање на членот на Советот - д-р Сашо Кутлешовски, а врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, истата ја стави на поименично гласање со прозивка од службеник од општинската администрација.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ТОНИ БОЈКОВСКИ | | √ | |
| 2. | ДИЈАНА ИЛИЕВСКА | | √ | |
| 3. | *ИВИЦА ПЕТРОВСКИ | | | |
| 4. | ВАЛЕНТИНА ПЕТРОВСКА | | √ | |
| 5. | РИСТО ДОНЕВ | | √ | |
| 6. | БЛАГЕ ДАНЕВ | | √ | |
| 7. | АНДРЕА НАЈДЕНОВСКИ | | √ | |
| 8. | ЗЛАТА ТАШЕВСКА | | √ | |
| 9 | МИЛКА ВИДОВСКА | √ | | |
| 10. | д-р САШО КУТЛЕШОВСКИ | | √ | |
| 11. | ЕЛИЗАБЕТА СТОЈМЕНОВА | | √ | |
| 12. | АЛЕКСАНДАР ТРАЈКОВСКИ | | √ | |
| 13. | м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | | √ | |
| 14. | БЛАГОЈ АТАНАСОВ | √ | | |
| 15. | РАСИМ АЛИ | √ | | |
| 16. | МИЛИЦА БУБАЛО | √ | | |
| 17. | ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ | √ | | |
| 18. | САШКО ЦВЕТКОВСКИ | √ | | |
| 19. | МАРТИНА НАУМОВСКА | √ | | |
| 20. | БЕРАТ ВЕСЕЛ | √ | | |
| 21. | ЗОРАН СТОЈАНОВ | √ | | |
| 22. | СЛАЃАНА СИМЕОНОВА - ВАСИЛКОВСКА | √ | | |
| 23. | ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ | √ | | |
| 24. | ДЕЈАН ДИМИТРОВСКИ | | | √ |
| 25. | СОФИЈА СЕТИНОВА | √ | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **26.** | **м-р МАРТИН РИСТОВ** | √ | | |
| **27.** | **ЗОРАН ЃОРЃЕВИЌ** | √ | | |

*** Не бил присутен во тек на гласање**

Советот го донесе Деловникот за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Гази Баба, со **14 гласа "ЗА", 11 гласа "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2.**

Претседателот на комисијата за локален економски развој - **м-р Мартин Ристов,** поднесе извештај од седницата одржана на 28.01.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2, со **25 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ), Андреа Најденовски (коалиција "За подобра Македонија"), Ристо Донев (коалиција "За подобра Македонија"), м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и Благе Данев (коалиција "За подобра Македонија").

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2020 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2021 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на благајнички максимум за 2021 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за прифаќање на воспоставена меѓуопштинска соработка помеѓу Градот Скопје и општините во градот Скопје за заловување на кучиња на подрачјето на Град Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за прифаќање на воспоставена меѓуопштинска соработка помеѓу Градот Скопје и општините во градот Скопје за заловување на кучиња на подрачјето на Град Скопје, со **14 гласа "ЗА" и 10 гласа "ПРОТИВ"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Четириесет и осмата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **18:50 часот**.

**Број 09-817/2**
**од 26.02.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

* аудио записот од седницата е составен дел на записникот